Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 110/19) и член 188 став (3) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19 и 14/20), министерката за одбрана донесе

# ПРАВИЛНИК
## за начинот на исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот за исплата и висина на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на територијата на Република Северна Македонија, на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата) за времето за кое се изложени на зголемени трошоци во и вон местото на вршење на службата.

Како место на вршење на службата во смисла на став 1 на овој правилник, се смета местото во кое воената единица односно институцијата е постојано лоцирана, а во кое лицето врши служба.

## II. НАДОМЕСТОК ЗА СЕЛИДБЕНИ ТРОШОЦИ

### Член 2

Надоместокот за селидбени трошоци се исплатува на лицата од член 1 на овој правилник, кои заради потреба на службата вршат преселување на покуќнината од едно во друго место на вршење на службата.

Надоместокот од став 1 на овој член, се исплатува во висина на реалните трошоци за превоз на покуќнината, но не повеќе од износот на една просечна месечна нето плата исплатена во Република Северна Македонија, на денот на исплатата.

Надоместокот од став 1 на овој член, не се исплатува на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата, кој врши преселба на покуќнината во исто место на живеење.

Член 3

Заради утврдувања на правото на надоместок за селидбени трошоци, активниот воен и цивилен персонал ги поднесува следните документи:

-Барање за остварување на правото за надоместок на селидбени трошоци; и

-Финансиски документ во оригинал (фактура или фискална сметка) за извршена и платена транспортна услуга.

Член 4

Решение за исплата на надоместок за селидбени трошоци донесува командантот на самостоен баталјон, нему рамен или повисок воен старешина или раководно лице во Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерството).

## III. НАДОМЕСТОК ЗА ВРШЕЊЕ НА СЛУЖБА ЗА ДЕЖУРСТВО, СТРАЖАРСКА СЛУЖБА И СЛУЖБА НА ПОСЕБНИ ВОЕНИ ОБЈЕКТИ

Член 5

Правото на надоместок за вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти, активниот воен и цивилен персонал го остварува доколку врши служба во времетраење на 24 часа непрекинато и повеќе, организирана според Правилата за внатрешен ред и односите во вршењето на службата во Армијата.

Висината на надоместокот од став 1 од овој член со решение ја утврдува министерот/министерката за одбрана.

Висината на надоместоците за вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти, за време на неделен одмор се зголемува за 20%, а за време на празници утврдени со закон, се зголемува за 30% од утврдениот износ со решението од став 2 на овој правилник.

## IV. НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ ЗА ПРЕВОЗ

Член 6

Активен воен и цивилен персонал кој живее надвор од местото на вршење на службата, доколку не остварува право на надоместок на трошоци за одвоен живот и не постои можност за користење на меѓуградски превоз организиран од страна на Министерството за одбрана (во натамошниот текст: организиран превоз), има право на надоместок на трошоци за превоз на меѓуградските линии.

Правото на надоместок на трошоци за превоз до и од работното место, се остварува во висина на вистинските трошоци за превоз со најевтиното превозно средство од јавниот сообраќај кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа на месечно ниво, но не повеќе од висината на правото на надоместок на трошоци за одвоен живот (во натамошниот текст: вистински трошоци за превоз).

Доколку на дел од патниот правец од местото на живеење до местото на вршење на службата постои организиран превоз, правото на надоместок на трошоците за превоз се остварува во висина на вистинските трошоци од меѓуградскиот превоз од местото на живеење до најблиското место од каде е обезбеден организиран превоз од страна на Министерството.

Висината на вистинските трошоци за превоз став 3 на овој член, се признава само врз основа на приложени фискални сметки од јавниот превоз или фискални сметки за платени патарини, како доказ за патувањето, доколку превозот е вршен со сопствено возило.
Лицата од став 3 на овој член, имаат обврска да се пријават кај лицето кое е определено како раководен старешина на превозното средство на делот од релацијата од која се користи организиран превоз.
Раководниот старешина на превозното средство со кое е организиран превозот, со своерачен потпис во образец 1 – месечна изјава, кој е даден во прилог бр.1 и е составен дел на овој правилник, го потврдува присуството на лицето во превозното средство.
Надоместокот на трошоците за превоз, активниот воен и цивилен персонал кој живее надвор од местото на вршење на службата го остварува само за деновите кога доаѓа и заминува од работа.

**Член 7**

За остварување на правото на надоместок на трошоци за превоз од местото на живеење до работното место, се поднесуваат следните документи:
-Барање за остварување на правото за надоместок на трошоци за превоз;
-Фотокопија од лична карта;
-Пополнет образец 1 - месечна изјава; и
-Фискални сметки за платена услуга за најевтиното превозно средство од јавниот сообраќај, односно фискална сметка од платена патарина, доколку лицето патувало со сопствено возило, од местото на живеење до најблиското место од каде е обезбеден организиран превоз.

**Член 8**

Активниот воен и цивилен персонал остварува право на надоместок на трошоци за превоз и во случај кога се упатува на лекарски преглед заради утврдување на здравствената способност за вршење на служба во Армијата.

**Член 9**

Решение за трошоци за превоз од член 8 на овој правилник, донесува командантот на самостоен баталјон, нему рамен или повисок воен старешина, а за персоналот кој е распореден во Министерството, непосредниот раководител.

## V. НАДОМЕСТОК ЗА ВРЕМЕ ПОМИНАТО НА ТРУПНО ПАТУВАЊЕ

**Член 10**

Под трупно патување се смета ангажирање заради извршување на службени активности во трупни услови, подолго од полното работно време.
Службени активности во трупни услови се сметаат активностите преземени заради работа во: теренски услови, логорување, тревога, вежби, гаѓања, командантски извидувања, маршеви, селективен курс, активности за монтирање, демонтирање и одржување на материјално-технички средства, работа на издвоени објекти и други службени активности во трупни услови, преземени по наредба на надлежен старешина, како и вршење на контроли на службени активности од овој став.

Под службени активности во трупни услови не се сметаат курс за стручно оспособување и усовршување за офицери и подофицери, преквалификација и доквалификација, семинари, работни состаноци и останати курсеви.

**Член 11**

Висината на надоместокот за време поминато на трупно патување, се утврдува во висина на надоместокот за вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти.

**Член 12**

Висината на надоместокот за време поминато на трупно патување се пресметува во зависност од траење на ангажирањето подолго од полното работно време и тоа:
-за ангажирање на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на трупно патување во траење од 8 до 12 часа, надоместокот за трупно патување е во висина од 50% од основицата на надоместокот за вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти.
-за ангажирање на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на трупно патување во траење повеќе 12 часа, надоместокот за трупно патување е во висина од 100% од основицата на надоместокот за врщење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти.

## VI.НАДОМЕСТОК ЗА ВРЕМЕ ПОМИНАТО НА СЛУЖБА ПОД ПОСЕБНИ УСЛОВИ

**Член 13**

Под служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал во смисла на овој правилник, се сметаат следните ангажирања:
а) во воена состојба;
б) во вонредна состојба;
в) во кризна состојба;
г) за обезбедување на лица и невоени објекти од посебно значење за Републиката;
д) во услови кога се бара продолжување на започната работа чие запирање или прекинување би имало штетни последици за борбената готовност на воената единица; и
ѓ) за извршување на вонредни задачи или поради одредени состојби во Армијата.

**Член 14**

Надоместокот за време поминато на служба под посебни услови се утврдува врз основа на надоместокот за вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и тоа:
а) за ангажирање во воена состојба, износот на надоместокот се зголемува за 100%;
б) за ангажирање во вонредна состојба, износот на надоместокот се зголемува за 30%;
в) за ангажирање во кризна состојба, износот на надоместокот се зголемува за 30%;
г) за ангажирања за обезбедување на лица и објекти од посебно значење, надоместокот е во висина на износот на надоместокот за вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти;

д) за ангажирање кога се бара продолжување на започната работа чие запирање или прекинување би имало штетни последици за борбената готовност на воената единица, надоместокот е во висина на износот на надоместокот за вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти; и

ѓ) за извршување на вонредни задачи или поради одредени состојби во Армијата, надоместокот е во висина на износот на надоместокот за вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти.

Висината на надоместокот за време поминато на служба под посебни услови, се утврдува со решението од член 5 став 2 на овој правилник.

**Член 15**

Висината на надоместокот за време поминато на служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата, се утврдува во зависност од траење на ангажирањето подолго од полното работно време и тоа:

-за ангажирање на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата, во траење од 10 до 12 часа, надоместокот за време поминато на служба под посебни услови е во висина од 50% од утврдениот износ со решението од член 5 став 2 на овој правилник; и

-за ангажирање на активниот воен и цивилниот персонал на служба во Армијата во траење повеќе од 12 часа, надоместокот за време поминато на служба под посебни услови е во висина од 100% од утврдениот износ со решението од член 5 став 2 на овој правилник.

Надоместокот од став 1 на овој член се зголемува за 20% во неработни денови и за 30 % за време на празници утврдени со закон.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 16**

Со влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за начинот за исплата на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал во Армијата на Република Северна Македонија бр. 01-1926/1 од 24.03.2020 година.

**Член 17**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.01-1582/1
15-03-2021 година
Скопје

**МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА**
Радмила Шекеринска Јанковска

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Правен основ за донесување на предметниот правилник е членот 188 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19 и 14/20).

Врз основа на извршените согледувања, како и запазување на основните економски принципи за поефикасно и поекономично искористување на организираниот превоз обезбеден од страна на Министерството за одбрана, констатирана е потреба од подетално уредување на основата и начинот за остварување на правото на надоместок за превоз.

Предметната проблематика се однесува на член 6 до член 9 на овој правилник каде е опфатено подетално регулирање на правото и висината на надоместок на трошоци за меѓуградски превоз за лицата за кои не е обезбеден организиран превоз од местото на живеење до местото на работа, а пред се доколку на дел од патниот правец постои организиран меѓуградски превоз кој истите можат да го користат. Со ова би се остварила заштеда во вкупниот износ на висина на надоместоците за превоз, а воедно би се обезбедило и најефикасно користење на организираниот превоз.

Согласно наведеното се предлага министерката за одбрана да го донесе предметниот правилник во предложениот текст.

Изработил: пполк.Емилија Ѓуриќ
пполк. Сања Костадинова
Согласен: Цвета Спасеска и Спасоја Дамјаноски
Одобрил: Драган Николиќ